Триатлон Федерација на Северна Македонија- Скопје

# С Т А Т У Т

**На**

**Триатлон Федерација на Северна Македонија - Скопје**

**Скопје 18.12.2020 година**

Врз основа на членовите: 5, 20, 25, 40, 74 и 76 од Законот за Здруженија и фондации, (Сл.Весник на РМ 52/10, 135/11 и 55/16) и членовите 14 и 15 од Законот за Спорт, (Сл.Весник на РМ 29/02, 66/04 и 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 61/16, 106/16 и 190/16) Собранието на Триатлон Федерација на Северна Македонија на седницата на собранието одржана на 18.12.2020 год. Врз основа на одлуката од 18.12.2020 година, Собранието го донесе следниот пречистен текст на статутот

# С Т А Т У Т

**На**

**Триатлон Федерација на Северна Македонија- Скопје**

1. **Општи одредби ;**

**Член 1**

Триатлон Федерацијата на Северна Македонија - Скопје, е здружение на спортски клубови, настанато со здружување на клубовите, поради остварување на заеднички цели и интереси при организирањето и унапредувањето на Триатлон спортот во Република Северна Македонија.

**Член 2**

Триатлон Федерацијата на Северна Македонија - Скопје , како здружение (преку клубовите), своите цели и задачи ќе ги остварува во склад со Уставот на Р. Северна Македонија, Законот за Здруженија и фондации и Законот за Спорт. Таа е неполитичка и непрофитабилна организација.

**Член 3**

Називот на федерацијата е: Триатлон Федерација на Северна Македонија - Скопје.

Скратен назив е ТФСМ - Скопје, во понатамошниот текст Федерација .

**Член 4**

Седиштето на Триатлон Федерација на Северна Македонија - Скопје е во Скопје на ул.Јордан Хаџи Константинов - Џинот 12а - Скопје

**Член 5**

Федерацијата е правно лице.

Федерацијата има печат и штембил.

Печатот е со тркалезна форма, во кругот е испишано името на Федерацијата - Триатлон Федерацијата на Северна Македонија- Скопје,

а во средината е амблемот на Федерацијата составен од силуета на триатлонец со симболика на пливач, велосипедист и атлетичар.

Штембилот е во правоаголна форма со следнава содржина: амблемот на Федерацијата составен со испишано името на Федерацијата : Триатлон Федерацијата на Северна Македонија – Скопје.

**Член 6**

Федерацијата ја застапува и претставува Претседателот и Генералниот секретар на Федерацијата.

2. **Јавност во работата :**

**Член 7**

Работата на Федерацијата е јавна.

Јавноста во работата се обезбедува преку, информирање преку медиуми за организација на натпревари и учество на екипи на натпревари во Државава и странство.

Статутот и другите документи ќе бидат објавувани на веб страната на Федерацијата.

3. **Цели и задачи и начин на нивно остварување**

**Член 8**

Здруженијата, клубовите, се здружуваат во Федерацијата заради остварување на заеднички потреби од интерес за натамошниот развој и унапредување на Триатлон спортот ( која се содржи од : Пливање, возење велосипед и трчање) и на други спортски дисциплини и спортови кои ќе бидат предмет на програмите во клубовите и Федерацијата.

При ова особено внимание ќе се посветува на:

- Утврдување на заедничка политика за развој и унапредување на Триатлонот во Државата и пошироко,
- Поттикнување и омасовување на овој спорт и други,
- Развивање и усовршување на триатлон системот на натпревари,
- Развивање на стручните тела за тренери, судии и родова еднаквост
- Формирање, подготвување и настап на натпревари со Репрезентацијата,
- Здравствена заштита на спортистите и анти допинг контрола.
- Едуцирање и воспитување на спортистите во духот на спортскиот и човечкиот морал и ферплеј однесување и почитување,
- Издавање на стручна литература за Триатлонот,
- Врши и други работи и активности што ќе произлегуваат од програмите на Федерацијата.
- Федерацијата води регистар на своите членки
- Федерацијата се регистрира во Централниот регистер и во Агенцијата за млади и спорт.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР * СКОПЈЕ РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8

**Член 9**

Федерацијата ја координира работата на здружените клубови, им дава стручна помош и учествува во разрешување на определени нивни проблеми. Во функција на еднообразноста и законитоста во остварување на заедничките цели и задачи на Федерацијата донесува статут, правилници како и други општи акти, издава упатства, инструкции и насоки по кои клубовите се должни да постапуваат. Федерацијата ги организира Националните првенства во сите триатлон дисциплини, натпревари кои се бодуваат за ранг листа, меѓународни и рекреативни натпревари. Техничка организација на овие натпревари може да се довери на членките на федерацијата- клубовите во соработка со федерацијата.

.

**Член 10**

За остварување на својата основна цел, унапредување на триатлонот, Федерацијата соработува со Агенцијата за млади и спорт на РСМ, Олимпискиот комитет на Северна Македонија, Сојузот на спортски федерации на С. Македонија, Европската и Светската Триатлон организација, како и со другите домашни и странски организации и здруженија и локалната самоуправа.

## 4. Финансирање на Федерацијата

**Член 11**

Користењето на средствата остварени по основите во членот 13 од овој Статут ќе се врши на начин и постапка утврдена во законот и други акти и прописи.

**Член 12**

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Федерацијата, согласно одредбите од овој Статут.

**Член 13**

Федерацијата донесува годишен финансов план со кој се уредуваат:

1. **Приходите:**
    - членарина,
    - Донации и спонзорство,
    - Буџет на Р.Северна Македонија - Агенција за млади и спорт,
    - Трговски друштва и др.
2. **Расходи :**
    - За активности на Федерацијата,
    - За наменски фондови,
    - За плата и заедничка потрошувачка,
    - За материјални трошоци и др.

**Член 14**

Федрацијата е ослободена од одредени царински и даночни давачки, согласно законските прописи.

**Член 15**

Федерацијата располага со имот, кој се состои од сите сопственички и други стварни права што Федерацијата ги стекнала над движните и недвижните ствари и правата кои ги стекнала со своето работење.

## 5. Управување со Федерацијата :

**Член 16**

Со Федерацијата управуваат здружените членки, преку своите претставници во органите и телата на Федерацијата.

Правата и должностите на претставниците на здружените членки се:

- Рамноправно да учествуваат во работата на Федерацијата,
- Да предлагаат решенија од зеднички интерес,
- Да ги усогласуваат ставовите со другите претставници,
- Да бираат и да бидат бирани,
- Да ги застапува интересите на своите клубови,
- Да работат на развивањето и унапредувањето на спортот,
- Да ги почитуваат и спроведуваат во дело одлуките и заклучоците на органите на Федерацијата,
- Редовно да го известуваатсвоето здружение за работата во органите на Федерацијата

## 6. Органи на Федерацијата

**Член 17**

Органи на Федерацијата се :

- Собрание
- Извршен Одбор
- Надзорен Одбор
- Претседател
- Генерален Секретар
- Почесни Претседатели.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8

СОБРАНИЕ

**Член 18**

Собранието на Федерацијата е највисок орган, составено од по 3(три) претставници од секоја здружена активна членка,и други членови кои го помагаат развојот на триатлонот материјално, стручно и организационо. Клубовите кои што немаат активност од една и повеќе години, можат да присуствуваат без право на глас. Бројот на членовите на Собранието се утврдува со одлука на седницата на Собранието. Мандатот на членовите на Собранието трае 4 години, со можност за реизбор.

**Член 19**

Седниците на Собранието ги свикува Претседателот. Седница на Собранието може да се свика и на предлог од најмалку1/3 од бројот на членовите на Собранието, Извршниот Одбор и Надзорната одбор.

Ако претседателот во рок од 14 дена не ја свика седницата по дадената иницијатива, тогаш тоа може да го стори Извршниот Одбор или самите иницијатори.

Начинот за свикување на седница се пропишува со Деловник.

Собранието заседава најмалку еднаш годишно.

Заради итност, седница на собранието може да се закажи и во рок од 3 дена, односно, заради итност за донесување на одлуки Претседателот може да ги консултира членовите и по телефон, но на првата наредна седница, таквата одлука да биде верификувана.

**Член 20**

Собранието , полноважно одлучува ако на него се присатни повеќе од половината на членови.Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присатните членови.
Работата на Собранието се одредува со Деловник.

**Член 21**

Во надлежност на Собранието е следното :

- Го донесува Статутот и врши измени и дополнувања на него,
- Бира Претседател, Генерален секретар ( кои се и членови на Извршниот Одбор ) и Извршниот Одбор,
- Донесува развојна повеќе годишна програма,
- Донесува Одлука за вкупното располагање со средствата
- Донесува Финансиски план,
- Оснива фондови и одлучува за нивно укинување,
- Разгледува и усвојува завршна сметка,
- Донесува одлуки и решенија од својот делокруг на работа,
- Донесува одлуки за здружување во повисоки институции,
- Одлучува и за други прашања од својот делокруг.

<u>ИЗВРШЕН ОДБОР</u>

**Член 22**

Извршниот Одбор е извршен орган на Собранието, него го именува Собранието на предлог на Претседателот. Мандатот на Извршниот Одбор трае 4 години.

**Член 23**

Извршноит Одбор брои 9 члена, членовите на Извршниот одбор ги предложува Претседателот, по претходно извршени консултации со клубовите. Во составот на Извршниот одбор, влегуваат и Претседателот и Генералниот Секретар.

Со Извршниот Одбор раководи Претседателот на Федерацијата.

Претседателот ја застапува и претставува Федерацијата, а во негово отсуство Генералниот Секретар.

Членовите на извршниот одбор може да имаат свои заменици, за присуство на седници со претходна најава и овластување.

**Член 24**

Во надлежност на Извршниот Одбор е :

- Спроведување на Статутот,
- Донесување на Годишна програма за работа на Федерацијата,
- Предлага измени и дополнувања на Статутот,
- Донесува правилници и Одлуки од својот делокруг,
- Свикува седници на Собранието,
- Подготвува материјали за седници на Собранието,
- Донесува Одлука за формирање стални и повремени комисии,
- Донесува систем на натпревари - календар,
- Донесува Одлуки за награди и признанија,
- Бира Селектор од редот на истакнати спортски и стручни работници,
- На предлог на Селекторот именува тренери,
- Бира комисии за тренерска, судиска, дисциплинска, организација на натпревари и родова еднаквост.
- Одредува плата на стручното лице и хонорари на Ген. Секретар, Селекторот и тренерите,
- Носи Одлука за вработување на стручно лице или негово менување,
- Врши и други работи кои произлегуваат од Програмата и Статутот.

**Член 25**

Извршниот Одбор за својата работа е одговорен пред Собранието.

Извршниот Одбор се состанува по потреба , а најмалку 3 пати годишно.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот.

Начинот на свикувањето на Седниците и работата на Извршниот Одбор се уредува со Деловник.

<u>НАДЗОРЕН ОДБОР</u>

**Член 26**

Надзорниот Одбор на Федерацијата врши надзор и контрола над спроведувањето на одредбите на овој Статут и контрола на располагањето со средствата на Федерацијата.

Наодите по контролата, надзорната комисија ги доставува до Собранието и Извршниот Одбор. Надзорниот одбор е составен од 3 члена, кои ги бира Собранието на предлог на кандидационата комисија, со мандат од 4 години.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8 * СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

**Член 27**

Претседателот го бира Собранието на предлог на кандидационата комисија. Претседателот се избира од истакнати спортски работници кои имаат познавање од управување во спортот, добро го познаваат триатлонот и да имаат одредени функции во овој спорт, со забележителни резултати. Мандатот на Претседателот трае 4 години, со моЃност за реизбор. Делокругот на работа на Претседателот произлегува од членовите 21 и 24 од овој Статут и деловникот за работа на Собранието. Претседателотја претставува и застапува федерацијата.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

**Член 28**

За организационо - стручната работа одговорен е Генералниот Секретар на Федерацијата. Делокругот на работата на Генералниот Секретар е базирана врз основа на членовите 21,24 и 31 од овој Статут и Деловникот за работа на федерацијата. Генералниот Секретар е раководител на стручната служба.

ПОЧЕСНИ ПРЕТСЕДАТЕЛИ

**Член 29**

Собранието на Федерацијата именува почесни претседатели на федерацијата од редот на познати и признати спортски работници, кои со својата активност имаат достигнато забележителни резултати во триатлон спортот. Почесните претседатели може да учествуваат во работата на Собранието без право на глас.

**Член 30**

Заради извршување на Статутарните и Програмски задачи и Одлуки, Извршниот Одбор ги именува следниве комисии :

1. Дисциплинска комисија
2. Натпреварувачка комисија
3. Судиска комисија
4. Тренерска комисија
5. Здравствена и анти допинг комисија
6. Комисија за родова еднаквост

Комисиите се составени од по 3 члена. Претседателот го бира Извршниот Одбор, а членовите ги предлага Претседателот ,а ги верифицира Извршниот Одбор.
Комисиите за својата работа одговараат на Извршниот Одбор.
Извршниот Одбор по потреба може да бира и други стални и повремени комисии.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8 * СКОПЈЕ

## 7. Стручна служба

**Член 31**

Стручната служба доколку има услови се формира од вработени лица за што ќе се донесе посебна Одлука од Собранието. Во службата ќе се вршат следните работи : Организациони, стручни, општи, материјално финансиски.

Со стручната служба ќе раководи Генералниот Секретар.

Собранието може да донесе Одлука : стручните, организациони и финансиски работи да ги довери на друга стручна служба.

**Член 32**

Федерацијата може да престане со работа во случаите :

- Со донесување на Одлука на Собранието,
- Ако настанат причини според член 52 од Законот,

Во случај на престанок на работата на Федерацијата, имотот ќе им биде предаден на основачите на Федерацијата или на друга спортска организација со донесување на Одлука од страна на Собранието.

## 8. Преодни и завршни одредби :

**Член 33**

Право на толкување на овој Статут дава Собранието, а помеѓу две седници и Извршниот Одбор.

**Член 34**

Измени и дополнувања на Статутот се вршат по иста постапка како што е донесен.

**Член 35**

Статут, по усвојувањето, се доставува во Централниот Регистар на Р.М. и до државниот орган надлежен за работите во Спортот на Р.С.М.

**Член 36**

Со донесување на пречистениот текст на Собранието на овој Статут на седницата од 18.12.2020 година, престанува да важи Статутот од 10.12.2010 година.

Претседател,
**Иван Михајловски**